СТРУЧНО СПИСАНИЕ
# ПРАВНИК

ИЗДАВАЧ/PUBLISHER

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN LAWYERS ASSOCIATION

Бул. Гоце Делчев бр. 9Б
1000 Скопје, Р.С. Македонија
тел/факс (+389) 02 3 131 084
e-mail: mla@mla.org.mk

www.mla.org.mk

Првиот број на Правник излезе во мај 1992 година

331-332
Стручно списание ПРАВНИК
НОЕМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2019
Legal Journal PRAVNIK
NOVEMBER - DECEMBER/20 19

## СОДРЖИНА / CONTENTS

2 ТРАНСФОРМАЦИЈА ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА НА СЈО СО ЗЈО
Проф. д-р Гордан Калајџиев, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
TRANSFORMATION OR LIQUIDATION OF THE SPECIAL PROSECUTOR'S OFFICE WITH THE LAW ON PUBLIC PROSECUTOR'S OFFICE
Prof. Gordan Kalajdjiev, PhD, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje

5 НОВИОТ ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ – ПРАКТИЧНИ ИМПЛИКАЦИИ
Проф. д-р Никола Тупанчески, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
THE NEW LAW ON PREVENTION OF MONEY LAUNDERING AND FINANCING TERRORISM - PRACTICAL IMPLICATIONS
Prof. Nikola Tupancheski, PhD, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje

11 ДИРЕКТИВА НА ЕУ 2019/790 ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА ВО ДИГИТАЛНИОТ ЕДИНСТВЕН ПАЗАР: КРАТКА АНАЛИЗА
Д-р Маја Камбовска
THE EU DIRECTIVE 2019/790 ON COPYRIGHT AND RELATED RIGHTS IN THE DIGITAL SINGLE MARKET: A BRIEF ANALYSIS
Maja Kambovska, PhD

17 ЕФИКАСНОСТ НА КАЗНЕНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ОД АСПЕКТ НА СПРАВУВАЊЕ СО ИНЦИДЕНЦИЈАТА НА ВНАТРЕШНА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Д-р Нада Донева, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
EFFICIENCY OF CRIMINAL LEGISLATION FROM THE ASPECT OF MANAGEMENT OF INTERNAL HUMAN TRAFFICKING IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Nada Doneva, PhD, Goce Delcev University, Shtip

23 СТРАНСКА СУДСКА ПРАКТИКА – ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Игор Спировски
FOREIGN JUDICIAL PRACTICE – EDITOR: Igor Spirovski

25 ДОМАШНА СУДСКА ПРАКТИКА
ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: проф. д-р Кирил Чавдар
DOMESTIC JUDICIAL PRACTICE – EDITOR: prof. Kiril Cavdar, PhD

29 СПЕЦИЈАЛЕН ПРИЛОГ: проф. д-р. Осман Кадриу, судија на Уставен суд на Република Северна Македонија
СОГЛАСНОСТА НА ВОЛЈИТЕ, СУШТЕСТВЕН УСЛОВ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР
A SPECIAL ENCLOSURE: prof. Osman Kadriu, PhD
CONSENT OF WILLINGNESS, AN ESSENTIAL CONDITION FOR CONTRACTING

55 НОВИ ИЗМЕНИ ВО ДЕЛОТ НА ПЛАТИТЕ
Надица Мандалова
NEW CHANGES IN THE AREA OF SALARIES
Nadica Mandalova

61 ЕВОЛУЦИЈА НА ИЗВРШНАТА ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА ВО АНТИЧКИОТ РИМ И НЕЈЗИНА РЕФЛЕКСИЈА ВО МОДЕРНОТО ИЗВРШНО ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО
Дијана Ѓорѓиева, докторанд
THE EVOLUTION OF ENFORCEMENT CIVIL PROCEDURE IN ANCIENT ROME AND ITS EFLECTION ON MODERN EXECUTIVE CIVIL PROCEDURAL LAW
Dijana Gjorgjieva,
PhD candidate

**Главен и одговорен уредник:** Стевица Јосифовски / Editor in chief: Stevica Josifovski
**Издавачки совет:** д-р Тито Беличанец, д-р Борче Давитковски, д-р Арсен Јаневски, д-р Гордана Бужаровска, д-р Милка Ристова, Сафет Алиу, д-р Весна Пендовска, д-р Јадранка Дабовиќ- Анастасовска, д-р Родна Живковска, д-р Горан Коевски, д-р Валентин Пепељуговски, д-р Тодор Каламатиев, д-р Осман Кадриу, д-р Исмаил Зејнели, д-р Ѓорги Сламков, д-р Кирил Чавдар, Игор Спировски
**Уредувачки одбор:** д-р Зоран Михајлоски, д-р Татјана Зороска- Камиловска, д-р Ненад Гавриловиќ, д-р Катерина Анчевска Нетковска, м-р Рамије Абдурахими Цара, д-р Игор Камбовски, д-р Билјана Чавковска, д-р Марко Андонов, Боро Варошлија
**Лектор:** Билјана Радевска ; **Превод:** М-р Јованка Јованчевска Миленкоска– Лектор по англиски јазик; **Графички дизајн и печат:** Диги принт - Скопје

Годишна претплата за 2019: **За правни лица** - 6.000 ден., **За физички лица** - 4.000 ден.
ж-ска: 250-0000000259-13 Депонент: Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ЕДБ: 4030991191047

**Мислењата и ставовите изнесени од авторите во нивните написи објавени во ПРАВНИК не мора да значи дека се и мислења и ставови на Издавачот**

**Д-р Нада Донева,**
*Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип*

# Ефикасност на казненото законодавство од аспект на справување со инциденцијата на внатрешна трговија со луѓе во Република Северна Македонија


*Summary*

**EFFICIENCY OF CRIMINAL LEGISLATION FROM THE ASPECT OF MANAGEMENT OF INTERNAL HUMAN TRAFFICKING IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**

Nada Doneva, PhD
Goce Delcev University - Shtip

**Actions on the issue of human trafficking worldwide, produced by worrying indicators of its emergence and the inexhaustible taking of a large swing with no prospect of preventing it, show striking signs of a steadily increasing number of victims in the process. This fact increases the responsibility of each state to mobilize its overall structure to combat one of the greatest evils of the modern world, in order to avoid the incidence of human trafficking within its territory. The engagement in the field of documented framing of efforts to eradicate modern slavery is continually improving, prompting states to take a closer look at the seriousness of the problem from the point of view of its incidence within their borders. Documenting the most important benchmarks that profiles the problem is the starting point where a society should first show its strengths and resist it from the moment it attempts to take root in its structure.**

**Key words: internal human trafficking, victims of human trafficking, human rights, national legal framework, criminal legislation.**


## Вовед

Трговијата со луѓе е комплексен, општествен, повеќедимензионален, криминален и социјален проблем со кој се кршат основните човекови права и слободи на неговите жртви. Како форма на организиран криминал, трговијата со луѓе ги нарушува и уставните и законските начела и стандарди на современото демократско општество. Историјата на меѓународната заедница изобилува со огромен број иницијативи и конкретни активности, преземени со цел сузбивање на трговијата со луѓе како едно од најгрубите прекршувања на човековите права. Прегледот на меѓународната регулатива, која исцрпно ја опфаќа трговијата, во насока на превенција, борба, нејзино сузбивање и заштита на жртвите што ги произвела, покажува нејзина прифатеност од страна на РС Македонија и подготвеност за соодветен одговор и борба со тргувањето со живи суштества, кое се случува на нејзина територија, било само како држава на транзит или извор и крајна дестинација на синџирот на активности што остваруваат акт на трговија. Државата застана исправена пред предизвикот што ѝ го приреди напливот на најгрубиот напад на интегритетот на една личност, не пренебрегнувајќи ја можноста за инволвираност на најмладите, односно децата од нивна најмала возраст и сè уште дава максимален влог на сите свои капацитети во стремежот за сузбивање на трговијата. РС Македонија во изминатиот период, направи значајни напори во зајакнување на мерките во борба против трговијата со луѓе, по пат на системски измени на националното законодавство и јакнење на институционалниот капацитет во правец на соодветен одговор на заканите на тргувањето со луѓе на нејзина територија, како сериозен напаѓач на општествените процеси и односи. Заложбите на државата се видливи како на теоретски ангажман, односно донесување нови и дополнување на постојните законици со посеопфатни одредби за проблемот на трговија со лица во насока на унапредување на правната и институционална рамка, кои ја врамуваат трговијата, така и како практични активности од страна на чинителите опфатени со теоретската рамка.

Транспонирањето на стандардизираните законодавни решенија што се дел од меѓународните документи, прифатени на светско, односно европско тло, создава обврска за државата во правец на дополнување и усовршување на внатрешниот правен поредок во рамки на конкретното поле на дејствување, во функција на усогласување на националното законодавство со одредниците на кои државата се обврзала со чинот на нивно прифаќање, правејќи ги со тоа дел од сопствениот правен поредок. Секој чекор напред во насока на осовременување на законодавните решенија и нивно приближување до реалните случувања во општеството, се презема во корелација со фундаменталните вредности, кои се однесуваат на заштитата на човековите права и пристапот кон жртвите на трговија со луѓе.

Од постојаното преиспитување на државата за доволноста на нејзината активност на планот на борба против трговијата со луѓе, таа стекнува став за потребата од надоградување и изменување на правните практики, казнените дела и санкциите што се однесуваат на проблематиката

тргување со луѓе. Согледувањето на потребата за стандардизирање на правната рамка преку преземање мерки на законодавен и функционален план за спречување на големата опасност од продавање на човекот и последиците од тоа, резултира со несомнено напредно збогатување на правната материја во сите области каде што може да се уреди одреден аспект со цел за успешен одговор на трговијата со лица, олицетворен низ низа одредби што мултифункционално, односно казнено - правно, процесно, од аспект на социјална заштита и заштита на децата – жртви, се во функција на остварување на правдата и зачувување на принципот на владеење на правото во општество што првобитно се грижи за граѓаните, почитувајќи го нивниот интегритет и штитејќи ги нивните слободи и права до степен на превенција од можни напади на истите секогаш кога постои основано сомнение дека таков напад е на повидок.

РС Македонија се оценува како една од првите држави во регионот, кои започнаа легислативни реформи за ефективно сузбивање на трговијата со луѓе и поставија соодветен, оперативен и координативен систем во согласност со релевантните меѓународни конвенции и протоколи. Повеќе национални закони последователно се изменети во насока на обезбедување на највисоко ниво на сообразност со стандардите и најдобрите развиени практики во оваа сфера. Денес, многу извештаи ја отсликуваат Македонија како целосно посветена држава на реформи во делот на трговија со луѓе од сите аспекти, одредувајќи ги законските решенија и практики што ја инкриминираат трговијата и оние што се однесуваат на заштита и помош на нејзините жртвите, како изведени од ратификуваните интернационални документи во рамките на конкретната област на разгледување.

*РСМ се оценува како една од првите држави во регионот, кои започнаа легислативни реформи за ефективно сузбивање на трговијата со луѓе...*

Недостигот од конкретно и адекватно законодавство за трговија со луѓе на национално ниво, често се посочува како една од главните пречки во спречувањето на трговија со луѓе и експлоатацијата поврзана со неа. Со потпишување и ратификување на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и нејзините дополнителни протоколи[1], како базични документи што ја поставуваат основата на дејствување во насока на спречување на појавноста на тргување со луѓе, Македонија се соочи со обврска за преземање соодветни мерки за усогласување на националното законодавство со општоприфатените норми, кои упатуваат на реакција во контекст на спречување на модерното ропство и шверцувањето на мигранти во рамките на мерките за сузбивање на транснационалниот организиран криминал. Со ова, РС Македонија ја потврди определбата и подготвеноста на Владата за превенција и елиминирање на растечките форми на транснационален организиран криминал преку зајакнување на меѓународната соработка и владеењето на правото. Конвенцијата против транснационален организиран криминал со нејзините дополнителни протоколи, ја нагласува потребата од заедничка конзистентна и ефикасна правна рамка како есенцијален предуслов за ефектуирање на предвидените инструменти и на овој начин, борбата против организираниот криминал, ја поставува како стратешка цел на владата на државата – потписник. Од анализата на законската и институционалната поставеност во Македонија, станува јасна определбата на државата за засилена акција кон заедничките напори за намалување на заканата врз глобалната безбедност и човештво во облик на тргување со лица, како и очигледноста на потребата од систематично и брзо дејствување, која произлегува од сериозноста на проблемот на што укажуваат статистиките, поврзани со него. Со потпишувањето и ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија[2], Република Македонија во делот од Спогодбата што се однесува на поглавјето „Правда и внатрешни работи", се обврза да изврши имплементација на ЕУ законодавството, што повлекува усогласување и хармонизација на националното законодавство со имплементираните одредби во функција на поефикасна соработка во борбата со најтешките форми на организиран криминал, а во тој контекст и на трговијата со луѓе.

## 1. Соочување со зголемена инциденција на внатрешна трговија со луѓе во Република Северна Македонија

Внатрешната трговија со луѓе, која беше невидлива подолг временски период, постепено ширејќи го спектарот на трендови на остварување, денес постои насекаде во регионот. Имено, трговците со луѓе, соочени со новата ситуација во регионот, се свртеа кон локалниот пазар и внатрешната трговија со луѓе, користејќи ги недостатоците во националните стратегии и законодавства што се однесуваат на предметната појава, а кои претходно беа првенствено насочени кон сузбивање на транснационалната трговија со луѓе. Податокот за интерната трговија со луѓе како доминантна форма на трговија со луѓе во моментот, се објаснува различно, а особено се истакнува фокусот во работата на органите на откривање и прогон, поставен на утврдување на очигледните индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе карактеристични за меѓународната трговија, како: конфискувани документи за патување, илегален престој, видливи траги на физичко насилство, ограничена слобода на движење, непознавање на македонскиот јазик, кои не се карактеристични за домашни жртви и за внатрешна трговија со луѓе.[3] Постепената обука на службениците, акцентирана по забележаното недоволно искуство за откривање случаи на внатрешна трговија, доведе до пораст на препознавање на проблемот и негово земање под контрола и третман истоветни на посветената ангажираност во постапувањето против трговијата со луѓе, до скоро најчесто остварлива меѓугранично.

Непобитниот факт за промена на состојбата во државата, на која од држава на транзит и дестинација, додаде-

[1] Република Македонија ја потпиша Конвенцијата против транснационален организиран криминал на 12 ноември 2000 година во Палермо, Италија, а ја ратификува со донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата и дополнителните Протоколи, „Службен весник на Р. Македонија", бр. 70 од 8.10.2004 година. За Република Македонија, Конвенцијата стапи на сила на 12 јануари 2005 година.

[2] Спогодба за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија од една страна и европските заедници и нивните држави членки од друга страна, Луксембург, 9 април 2001 година (стапи на сила на 1 април 2004 година), ратификувана од страна на државата со Закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините држави членки. *Службен весник на Република Македонија* бр. 28 од 13.04.2001 година.

[3] Берман, Жаклин, Донатела Брадиќ и Фил Маршал. *Процена на потребите: Трговија на луѓе во Западен Балкан.* Geneva: International Organization for Migration, 2014, 44.

на ѝ е и одредницата држава на потекло на жртви на трговија со луѓе, упатува на заклучокот за пораст на бројот на домашни жртви, односно жртви на внатрешна трговија со луѓе остварлива во рамки на државните граници, проследен со намалување на бројот на странски жртви, кои на одреден начин ја преминале границата на државата и актот на трговија завршил на нејзината територија. Намалените бројки на странски жртви на трговија со луѓе, идентификувани во Македонија во последните години, се резултат на радикалните законски реформи и на ефикасноста на органите на прогон во синергија со Националниот механизам за упатување на жртвите и развиениот систем за нивна заштита и згрижување. Спроведените законски реформи, придонесоа Македонија да биде помалку препознавана како држава на крајна дестинација за странските жртви на трговија со луѓе и поради фактот што фокусот на реформите беше пренагласен во зголемувањето на ефикасноста на полицијата, обвинителството и судството, вклучувајќи и згрижување и заштита на тргувани жртви, организираниот криминал во регионот почна да ја избегнува Македонија како „несигурна држава“ за неговите незаконски трансфери и активности што го остваруваат битието на дело на трговија со луѓе. Досега анализираните извештаи на националните органи што работат на случајот на превенција и сузбивање на трговијата во државата, го потврдуваат погоре реченото, изнесувајќи загрижувачки податоци за формите, начините и бројот на оштетени лица преку акти на нивно експлоатирање и продавање на нивното тело, труд и воопшто, порекнување на нивниот интегритет и права.

Позитивната оцена на Република Северна Македонија во многу извештаи за трговија со луѓе како држава целосно што е посветена на реформите во оваа област, е потврда за функционирање на прилично оперативен, сеопфатен институционален и законски одговор против трговијата на национално ниво. Но, од другата страна на проблемот, лежи податокот за зголемено започнување и завршување на процесите на тргување со лица во рамките на нејзината територија, во кои инволвирани се нејзини државјани, кои неспорно излегуваат како жртви од процесите на регрутирање, транзит и експлоатација, територијално одредени во рамки на југоисточниот и западниот дел на државата. Откако еднаш ќе се вклучат во процесите на внатрешна трговија со луѓе, овие жртви многу лесно се регрутираат и во рутите на меѓународната трговија со луѓе. Притоа, моменталната ситуација во државата потврдува зголемен процент на малолетни жртви на трговија, кои потекнуваат од области со значителен индекс на сиромаштија, како потврда на резултатите од истражувањата на феноменот на државно ниво, кои потврдуваат дека социјалната сиромаштија е најголем и најмоќен поттикнувачки фактор за вовлекување на потенцијалните жртви во синџирот на трговија со луѓе на територија на државата.[4]

Внатрешната трговија со луѓе во Македонија се манифестира со регрутирање на жртви од северниот, јужниот и централниот дел на државата по пат на измама со лажно ветување за работа во угостителски објекти во северозападниот дел (Тетово - Гостивар - Куманово) со цел нивна сексуална и трудова експлоатација од страна на сопственици на угостителски објекти. Статистиката упатува на фактот дека трговијата со луѓе во РС Македонија е во извесен степен на зголемување во однос на идентификувани жртви секоја наредна година, што утврдува потреба од продолжување на засилените мерки, кои се однесуваат на идентификација на потенцијални жртви на тргување, особено помеѓу ризични групи.




Ваквата состојба наведува на потреба овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи, кои вршат патролна служба, редовно да ги следат огласите во јавните гласила, кои нудат вработување, огласите со кои се бараат млади луѓе за работа како келнери/ки, обично, во друг град во државата, реклами на разни агенции за лични контакти и сл.[5] Овие службени лица треба да вршат проверки дали нешто од ова се случува во реонот каде што патролираат и доколку тоа е случај, веднаш да започнат со прибирање на информации, а истовремено да ја известат и специјализираната служба во рамки на МВР, задолжена за борба против трговија со луѓе.[6]

[4] Податоците се добиени преку анализа на статистиката во извештаите на институциите во државата, кои работат на проблемот на трговија со луѓе, а го потврдуваат фактот на постојано инволвирање деца и малолетни лица во процесите на трговија со луѓе, кои се остваруваат на територија на Република Македонија.

[5] Красиќ, Јелена, Владимир Данаилов. *Практикум за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција*. Скопје. Меѓународна организација за миграции, Мисија во Скопје, 26.

[6]Практикумот е достапен на:

Притоа, засилената и ефикасна примена на законските новини и стандарди во инкриминацијата и казнениот прогон на сторителите на делата трговија со луѓе и на применливите мерки за заштита и помош на идентификуваните жртви како сведоци и оштетени во иницираните судски постапки против организаторите и сторителите на овој вид криминал, не се доволни за запирање на процесите на регрутирање на нови жртви на трговија. Ефективното намалување на трговијата со луѓе мора да е резултат и на преземени мерки за искоренување на причините што го поттикнуваат или олеснуваат регрутирањето нови жртви, како сиромаштијата на населението, особено сиромаштијата на индивидуалците и групите што се изложени на повисок ризик, социјално исклучените, маргинализираните и невработените. Одржливата ефикасност во борбата против трговија со луѓе во државата, е директна последица на превенција на тргувањето и борба против корените на зголемена регрутација на потенцијални тргувани жртви, за која во најголем број случаи причина е зголемената стапка на сиромаштија на населението и сè уште доминантните родови стереотипи, особено во однос на групите, изложени на повисок ризик.



## 2. Идентификација и преглед на новините во казнената национална правна рамка за трговија со луѓе

### 2.1. Кривичен законик на Република Македонија

Поддржувајќи ги заложбите и активностите на Меѓународната заедница за ефикасен и координиран одговор на растечките форми на трговија со луѓе, во делот на законодавните активности извршено е дополнување на Кривичниот законик со две нови инкриминации согласно со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца со кои се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал. Во оваа насока, како приоритетни активности на компетентните институции во областа на борба со трговија со луѓе, се активностите за реформа на казненото законодавство поради доизградување на правната рамка за поефикасна превенција и сузбивање на делата поврзани со трговија со луѓе.

Со прифаќањето на меѓународните документи релевантни за трговијата со луѓе и нивното внесување во домашното законодавство, државата се соочи со огромна правна празнина, од аспект на непостоење одредби во кодифицираното казнено законодавство, кои ја уредуваат трговијата со луѓе како посебно казнено дело во сите негови појавни облици и со сите карактеристики.[7] Во првиот Кривичен законик на РМ, опфатеноста на тргување со лица се насира во член 418 - Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос (уредено на следниов начин, задржан и во изменетиот и дополнет Кривичен законик на РМ: „Тој што повредувајќи ги правилата на меѓународното право, ќе стави друг во ропски или нему сличен однос или го држи во таков однос, го купи, го продаде, му го предаде на друго лице или посредува во купувањето, продажбата или предавањето на вакво лице или поттикнува друг да му ја продаде својата слобода или слободата на лицето, кое го издржува или кое се грижи за него, ќе се казни со затвор од една до десет години. Тој што превезува лица, кои

http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/02/praktikum_za_borba_protiv_trgovijata_so_lugje_i_ilegalnata_migracija.pdf

[7] Првата кодификација на казнените одредби во Република Македонија е извршена со донесување на Кривичен законик усвоен од Собранието на Република Македонија на 27 јули 1996 година, кој стапи на сила на 6 август 1996 година, објавен во „*Службен весник на Република Македонија*", бр. 37 од 29 јули 1996 година.

се наоѓаат во ропски или сличен однос од една земја во друга, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори спрема малолетно лице, ќе се казни со затвор најмалку пет години", кој е тесно поставен во контекст на сите карактеристики и елементи на трговијата со луѓе. Еден аспект на тргувањето со луѓе – тргување со човечки органи, е регулиран со инкриминацијата Недопуштено пресадување делови од човечкото тело, опфатена во член 210 од Законикот (првичната уреденост на ова казнено дело претрпува измени и дополнувања и гласи: „Тој што ќе земе дел од телото на друг заради пресадување или на друг ќе му пресади дел од телото иако земањето или пресадувањето е спротивно на закон, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години". Со оваа казна ќе се казни и тој што со намера за пресадување ќе земе дел од човечкото тело пред да е утврдена смртта, според пропишан начин, имено: „Тој што ќе земе дел од телото на друг или на друг му пресади дел од телото без согласност на давателот или примателот или на нивниот законски застапник, ако давателот или примателот не бил во состојба да даде согласност, ќе се казни со затвор од најмалку четири години." Со оваа казна ќе се казни и тој што спротивно на закон продава, посредува, огласува за потреби или за достапност на делови од човечкото тело поради остварување имотна или друга корист. Законодавецот предвидува парична казна доколку како сторител на делото се јави правно лице). Сепак, во ваквите одредби недостига широкиот опфат на сите елементи на остварување на процесот на трговија во сите нејзини облици, начини на сторување и квалификации.

*Внатрешната трговија со луѓе денес постои насекаде во регионот.*

Трговијата со луѓе кај нас, на почетокот е решена во основа со неколку законски одредби во рамките на Кривичниот законик, односно одредбата од член 191 – Посредување во вршење проституција во рамки на казнените дела против половата слобода и половиот морал, низ која се согледуваат два облика на инкриминацијата.[8] Прв основен облик на делото постои во случај на неуспешно врбување, наведување, поттикнување или намамување на проституција на едно или повеќе лица, или, пак, на однапред неопределен круг на лица; вториот облик на делото е учествување во предавање на женско лице на друг поради вршење проституција. Притоа, за постоење на делото без значење е фактот дека лицето претходно се занимавало со проституција, како што не е потребно лицето навистина да почнало да се проституира. Во контекст на инкриминацијата, проституцијата подразбира вршење обљуба за пари или на друг начин со кој се навредува јавниот морал; како предавање женско лице на друг, пак, се подразбира секое одведување на женско лице од местото на престојувалиште на некое друго место со цел вршење проституција.[9] Низ толкување на одредбата од член 191 став 1 од КЗ од 1996 година, се утврдуваат основните карактеристики на делото, односно објект на дејствието на извршување се полнолетни женски лица, без оглед на нивната возраст, брачна состојба и сексуален (не)морал. Дејствието на извршување се исцрпува низ посредувањето и учествувањето на кој и да е начин во предавање лице на друг заради вршење проституција. Извршител и на двата основни облика на делото, може да биде секое машко или женско лице, а делото е довршено без оглед на тоа што не дошло до обљуба со женското лице. Анализата на содржината на овој член нужно упатува на заклучокот дека законодавецот не е доследен во однос на почитување на одредбите од меѓународните конвенции за доведување на некого во положба на ропство и нема сосема јасен став за тоа кога се работи за трговија со бело робје, а кога за посредување во проституција. Ваквото уредување на тргувањето со жени за цели на присилна проституција, им овозможуваше на трговците да добијат релативно ниски казни, кои не ја одразуваа сериозната и бруталната природа на казненото дело.

Со отворањето на вратата за импакт на обврзувачките одредби во националните закони и сè почестите тет - а - тет срекавања со трговија со луѓе на нејзина територија, државата ја воочи неопходната потреба од законско дефинирање на поимот на актот, кој во реалноста успешно се остварува, како и за казнување на сторителите на дела на тргување со лица.

Со првите измени и дополнувања на Кривичниот законик од 2002 година како логична последица на потпишувањето на Конвенцијата и Протоколот, во главата што ги опфаќа казнените дела против човечноста и меѓународното право, законодавецот првпат поставува јасна дефиниција на трговијата со луѓе во посебна инкриминација од Законикот, подведена под член 418 – а, под одредбата Трговија со луѓе.[10] Првата законски врамена дефиниција на тргувањето со луѓе, во целост се совпаѓа со описот на тргување со лица и претставува целосно усвојување со поинаква формулација на член 3 од Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца од 2000 година. Квалификаторен облик на делото е тргувањето со деца или малолетни лица, за кој облик законодавецот предвидел потешка санкција, притоа давајќи ги алтернативно во описот на обликот на делото и двата поими – дете и малолетно лице, од каде што се извлекува заклучокот дека нападот може да биде извр-

[8] Врз основа на член 191 од Кривичен законик, *Службен весник на Република Македонија 37/96*, тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лица на проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг поради вршење проституција, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Во согласност со став 2 и став 3 на член 191 од КЗ, тој што заради заработувачка му овозможува на друг користење на сексуални услуги, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година, како и тој што поради заработувачка со сила или со сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друго лице на давање сексуални услуги, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. За сторување на делото во однос на малолетно лице, законодавецот пропишува казна затвор во траење од шест месеци до пет години, а во однос на дете, казна затвор од една до пет години. Организираното вршење на делото, како и неговото сторување при вршење на семејно насилство, се казнува со казна затвор од една до десет години.

[9] Сулејманов, Зоран. *Криминологија*. Скопје: Графохартија, 2009, 149.

[10] Според член 418 - а од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, трговијата со луѓе го носи следниов опис: Тој којшто со сила, сериозни закани или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба и состојба на немоќ на друг, или со давање или примање пари или друга корист поради добивање согласност на лице што има контрола на друго лице врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица поради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или слугување, ропство или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело ќе се казни со затвор најмалку четири години; освен казнување на основниот облик на делото, законот предвидува посебни казни за организирано врешење на делото, за кое според став 3 на член 418 - а е предвидена казна затвор во траење од најмалку пет години. Казна затвор од најмалку шест месеци до пет години е предвидена за оној што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа поради вршење на делото, како и за тој што користи или овозможува на друг користење сексуални услуги од лица за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе. *„Службен весник на Република Македонија" 04/02* од 25.1.2002 година.



*...жртвата на казнено дело, освен правото да учествува во постапката како оштетен, има право и на посебна грижа и внимание од страна на органите ...*

шен врз две категории на жртви на казненото дело, односно врз деца или врз малолетници, притоа не објаснувајќи ги одделно поимите, веројатно, држејќи се за нивното поимно определување со за нив релевантните документи.[11] Според Протоколот за трговија, врбувањето, транспортот, префрлањето, засолнувањето или примањето дете за цел експлоатација претставува трговија со луѓе, без разлика дали е утврдено постоење на било кое од средствата на извршување на делото. Истото се наведува и во Рамковната одлука на Советот од 2002 година, каде што децата под осумнаесетгодишна возраст не можат да дадат валидна согласност. Затоа, дефиницијата за трговија со малолетници претставена во член 418 - а став 2, не бара да биде присутно ниедно од средствата, набројани во првиот став; делото настанува кога кое било од набројаните дејства се врши со цел експлоатација.

Овој прв обид на законодавецот да се постави подготвен пред инциденцијата на трговија со луѓе, која безобѕирно ја напаѓа неговата територија и државјани, иако полн со недостатоци, го исцртува патот на реформите на казненото законодавство, кој полека, но сигурно ќе биде изоден и со бројните дополнувања на одредбите, ќе биде постигната целта на успешно справување со најголемата закана по човековото достоинство на денешнината, првенствено во документите како основа за добро осмислени и однапред предвидени активности за успешна борба со трговијата и во пракса. Во рамките на меѓународната експертиза, која во 2002 година ја спроведе проектот на Советот на Европа насловен: „Реформа на казненото законодавство во борбата со трговијата со луѓе“, недвосмислено е потврдено дека инкриминацијата „трговија со луѓе“ во Кривичниот Законик на Република Македонија, не само што кореспондира, туку таа и ги надминува стандардите од член 3 од Протоколот во делот на казненото дело, кој се однесува на: инкриминирање на дејствијата на „одземање или уништување патна исправа поради вршење на делото трговија со луѓе“ како и „користењето или овозможување на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од лице, односно дете за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе“.[12]

Процесот на усогласување на казненото законодавство продолжи и во 2004 година, кога се усвоени измените и дополнувањата на Кривичниот законик со вградување нови дејствија на извршување на актот на тргување во одредбата на член 418 – а став 1 како дополнување на дефиницијата за трговија со луѓе, со цел да се обезбеди доследност и нејзина усогласеност со постојните дефиниции на ОН за овој феномен (законската дефиниција на основниот облик на делото трговија со луѓе е збогатена со тоа што како еден од начините за вршење на делото е воведен и *доведување во заблуда на друг за вршењето на експлоатацијата*, а исто така и со *искористување на состојба на бременост, физичка или ментална неспособност на друг*, покрај веќе споменатата немоќ; надополнети се и начините на експлоатација како дел од процесот на остварување на актот на трговија, па воведени се *порнографијата, склучување присилни бракови, присилна фертилизација и незаконито посвојување*

(Продолжува на 42-ра страница)

[11] Според Член 418 - а, став 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, „*Службен весник на Република Македонија*“ *04/02* од 25.1.2002 година, тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа деца или малолетни лица поради експлоатација од став 1 на овој член ќе се казни со затвор најмалку пет години. Според став 6 на истиот член, ако делото е сторено со дете или малолетно лице сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

[12] Стаменкова Трајкова, Верица, Виолета Арнаудова, Елисавета Сарџовска и Иван Трајков. *Внатрешна трговија со луѓе во Република Македонија - претпоставка или реалност.* Здружение за помош и поддршка на жени, деца и семејства под ризик „За среќно детство“. Скопје, 2006.
Имено, тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа поради вршење на дело на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор од најмалку четири години (види член 418 - а став 2 и член 418 - г став 5 од: Тупанчески, Никола. *Кривичен законик - интегрален текст - предговор, кратки објаснувања и регистар на поими - трето изменето и дополнето издание*. Скопје: Стоби Трејд, 2017); Одредбите од Кривичниот законик предвидуваат казна затвор во траење од шест месеци до пет години во однос на тој што користи или овомножува на друг користење сексуални услуги или друг вид експлоатација од возрасно лице за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, односно од најмалку осум години во случај на сторување на овие дејствија во однос на дете (види член 418 - а став 3 и член 418 - г став 3 од: Тупанчески. *Кривичен законик - интегрален текст - предговор, кратки објаснувања и регистар на поими - трето изменето и дополнето издание*).

(Продолжение од 22-ра страница)

како облици на експлоатација и крајна цел на процесот на тргување) и воведување два нови става, кои се однесуваат на казнување правни лица како сторители на дела на трговија и одземање на предметите и средствата, употребени за извршување на казненото дело.[13] Резултат на влијанието на меѓународниот фактор во оваа област, е заострување на санкциите и зголемување на ригорозноста на казнувањето на сторителите на дела на трговија со луѓе, што е последица на свесноста на државата за величината на проблемот на трговија со лица со кој таа не дозволи да остане затекната, земајќи ја предвид брзата реакција за негово спротивставување.[14]

Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2004 година, воведени се два нови члена кон постојниот член 418, односно член 418 – б, кој се однесува на труд, кој се однесува на дистинкцијата помеѓу трговија со луѓе и шверцување на мигранти.

Во стремежот за создавање солидна основа за спречување на трговијата со луѓе како крајна цел на процесот на борбата со неа во сите нејзини појавни облици, законодавецот непрестајно ги збогатува одредбите, кои ја уредуваат конкретната материја со постојани дополнувања, засновани на согледувањата на претходно направените пропусти и последиците што тие во практика ги произведуваат, споредено со одредбите на најрелевантните меѓународни акти во оваа област, кои државата си зела за обврска да ги ефектуира во националното законодавство и правна практика. Измените и дополнувања на Кривичниот законик од 2008 година, недвосмислено ја збогатуваат инкриминацијата, која се однесува на тргувањето со лица во духот на Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца. Име-




шверцувањето мигранти, чие внесување дојде следствено на потпишувањето и прифаќањето на Протоколот против шверцување мигранти по копнен, воден или воздушен пат и член 418 - в, кој содржи одредби за организирано вршење дела на трговија со луѓе и шверцување мигранти и поттикнување на извршување на делата, во согласност со член 5 од Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, детално изнесени во делот од овој

но, КЗ од 2008 година воведува нов став во наведената инкриминација со кој ја нивелира согласноста на жртвата на трговија со луѓе поради намера за експлоатација и ја прави незначајна за постоење казнено дело на трговија со луѓе.[15] Новина е и санкционирањето на обидот за вршење на ова казнено дело, што е во слух со општите одредби на Кривичниот законик. Исто така, должноста за одземање предмети и превозни средства, употребени при вршење на делото се проширува и над недвижностите што се искористени при вршењето на акт на трговија со лица.

Изоставајќи го ставот на основната одредба за трговијата со луѓе, за првпат инкриминирана во 2002 година, кој се однесува на тргување со деца или малолетни лица, што претставуваше терминолошка нејаснотија и недостаток во законските одредби, веќе во 2008 година, Кривичниот законик стекнува нова инкриминација, подведена под член 418 - г, именувана „Трговија со малолетно лице“[16], со која во голема мера се разјаснува терминологија-

[13] Новововедениот став 6 во член 418 - а од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, пропишува парична казна за правно лице во својство на извршител на казнено дело трговија со луѓе и создава правна основа за санкционирање на дејствијата со кои правните лица учествувале во извршување на делата на организиран криминал вклучително и трговијата со луѓе, во согласност со член 10 од Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал; став 7 на истиот член, предвидува одземање на предметите и превозните средства, употребени за извршување на дела на трговија, во согласност со одредбите на член 12 и член 13 од Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, кои се однесуваат на конфискација и заплена на имот прибавен со казнено дело. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 19/04 од 30.3.2004 година.

[14] Законскиот минимум за казнување на оној што презема активности на тргување со деца или малолетни лица, е подигнат и законодавецот го зголемува од пет на најмалку осум години затвор за сторителот, сметајќи ја положбата на дете како една и единствена особено ранлива положба на жртвата; казна затвор во траење од најмалку осум години, законодавецот пропишува и за оној што користи или ќе овозможи на друг користење сексуални услуги од лица за кое знае дека е жртва на трговија со луѓе, член 229 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2004 година.

[15] Член 20, став 5 од Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 7 од 15.01.2008 година.

[16] Член 418 - г став 1 од Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2008 година, според кој тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито

та, правејќи разлика помеѓу трговијата со луѓе и трговијата со малолетни лица, издвојувајќи ги последните како посебна категорија на жртви на ова казнено дело, имајќи го предвид посебниот третман, кој им е потребен на малолетниците поради специфичностите во однос на возраста и степенот на нивна развиеност, особено во улогата на жртва на тргување. Од определбата на законодавецот за концизно поставување на тргувањето од аспект на малолетните лица, односно кога тие ќе се јават во улога на жртви, следствено на одредбата од член 418 - а став 2 од КЗ од 2002 година, трговија со луѓе постои и без употреба на ниту едно од средствата на извршување на делото. Притоа, употребата на средства на извршување на казненото дело трговија со луѓе, произведува потежок облик на делото и подигање на законскиот минимум на санкцијата за оној што употребил кое било од средствата со цел експлоатација на малолетно лице во рамки на тргувањето со него.[17] Ваквиот став на законодавецот ја покажува свеста за потребата од посебно и посериозно третирање на малолетните жртви на трговија со луѓе, која бара посериозно доживување и несомнено, соживување со оваа категорија на жртви на тргување, особено од аспект на последиците, кои еден ваков акт ги предизвикува кај личноста на малолетникот како недоволно зрела, а предизвикана од потребата за соочување со нив од најмала возраст, оставајќи лузни за цел живот и произведувајќи нејзин развој во сосема неправилен и искривен правец. Во овој контекст, ниту согласноста на малолетното лице со дејствијата на трговија, кои се преземени во однос на него, не се од значење за постоење дело на трговија со луѓе, односно таа е ирелевантна и делото, во однос на нејзиното постоење или не, секако постои.[18]

Под влијание на притисокот на согледаната потреба за сеопфатно уредување на трговијата со луѓе, особено трговијата со малолетни лица, регулирана во сите нејзини аспекти, односно поимно, од аспект на нејзино санкционирање и казнување на сторителите, не изоставајќи ги сите можни појавни облици како отежнувачки околности во однос на санкционирањето, не може да се изостави, односно се пројавува неопходноста за уредување на заштитата на жртвите и нивниот третман по завршување на казнените постапки. Одовде, законодавецот во општите одредби на КЗ, го дефинира поимот „жртва на казнено дело“. Иако не операционализира со поимот „жртва на трговија со луѓе“, сепак, доволна е ваквата определба како појдовна основа за нејзин натамошен третман.[19]

Од аспект на сериозноста на појавата на трговија со луѓе во државата, измените на КЗ од 2008 година се едни



од побитните во однос на поопфатно уредување на појавата и нејзино несомнено збогатување со дополнувања на кои имплицираат прифатените меѓународни акти.

Изменетото законодавство од 2009 година не укажува на голема промена на она што дотогаш е направено на планот на зајакнување и произведување на успешна борба со трговијата со луѓе, туку постави квалифицирани облици на делото во сите инкриминации, кои се однесуваат на трговија со лица, односно во членовите 418 - а, 418 - б и 418 - г од аспект на сторување на веќе инкриминираното битие на трговија со луѓе, шверцување на мигранти и трговија со малолетно лице од страна на службено лице во вршење на службата, за кое предвидува построго казнување.[20] Притоа, со овие измени, законодавецот се одлучува ставот со кој се казнува обидот за извршување на дело на трговија со лица, да го избрише од одредбата и обидот за сторување на дело на трговија со луѓе да остане нерегулиран во делот од КЗ, кој се однесува на најсовремениот облик на ропство.

Описот на казненото дело трговија со луѓе во неговиот основен облик, по дополнувањата од 2004 година, претрпува измени дури во 2014 година, во смисла на терминолошки изменувања во делот од дефиницијата, кој ги содржи формите на експлоатација како цел на трговијата со луѓе, заменувајќи одделни термини со други и дополнувајќи го со нови облици на експлоатација.[21]

посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

[17] Според член 418 - г став 2, тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана,со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, ќе се казни со затвор најмалку десет години. Според став 2 на истиот член, користењето или овозможеното користење на друг на сексуални услуги или друг вид експлоатација од малолетно лице за кое сторителот знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

[18] Член 418 - г став 5 од Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2008 година.

[19] Според член 1 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2008 година, член 122 од КЗ стекнува нов став 20, кој го дефинира поимот жртва на казнено дело, како секое лице што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено казнено дело. Под дете како жртва на казнено дело, се подразбира малолетно лице до 18-годишна возраст.

[20] Во случаи на трговија со луѓе, чиј сторител е службено лице, кое ќе го стори делото во вршење на службата, законодавецот предвидува казна затвор во траење од најмалку осум години, а во улога на сторител на дело криумчарење на мигранти и трговија со малолетно лице, казна затвор од најмалку десет години.

[21] Во основниот опис на делото содржан во член 418 - а, став 1, на местото на зборот „фертилизација“ како облик на експлоатација на жртвата на трговија со луѓе, доага зборот „бременост“, а по зборовите „нему сличен однос“ се става запирка и се додаваат зборовите „питање или експлотација поради, со закон, забранета активност“, па се добива следнава дефиниција на трговија со луѓе: „Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ



Од 2014 година, законодавецот, скоро вметнатиот термин „малолетно лице“ во одредбите на одделната инкриминација „Трговија со малолетно лице“, воведена со измените на КЗ од 2008 година, го заменува и оперира со терминот „дете“, па инкриминацијата од член 418 - г претрпува измени во самиот наслов, стекнувајќи назив „Трговија со дете“.[22]

Терминолошките измени на законскиот текст во делот на трговија со деца не престануваат, и веќе во 2015 година со најновите измени, законодавецот, поаѓајќи од најновата терминологија во литературата, која се однесува на децата и нивните права, оперира со терминот „дете што не навршило 14 години“, вметнувајќи го во законската одредба на тргувањето со деца, изменета со промените на КЗ една година претходно. Дефиницијата повторно се збогатува со нови облици на експлоатација, внесувајќи ги во описот на делото „питањето или експлоатацијата поради со закон забранета активност“.[23] Законодавецот на престанува со заострување на санкциите за сторителите на дела на трговија со деца, поставувајќи ја во неговата основа зголемената потреба за заштита на децата како категорија на лица најподложна на повреди и обележување на нивното детство, како период кој треба да биде најбогат со убави содржини, а најотпорен на такви што ја нарушуваат неговата убава слика.[24] Притоа, законодавецот ја нивелира како незначајна за постоење дело на тргување согласноста на детето со дејствијата, кои го остваруваат битието на казненото дело трговија со луѓе.[25]

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, како тело, чија работа е во правец на постигнување на највисоко ниво на ефикасност во борбата против тргувањето со лица, во рамки на разгледувањето на регулаторната рамка на оваа област, во 2016 година поведува иницијатива за измени на Кривичниот законик со интервенирање во член 201 од КЗ, односно во казненото дело „Запуштање и малтретирање дете“, чија одредба во став 2, која за родител, посвоител, старател или друго лице што присилува малолетно лице на работа што не одговара на неговата возраст и физичка сила или од користољубие го наведува на питање или на вршење други дејствија што се штетни за неговиот развиток, предвидува казна затвор во траење од една до десет години, се преклопува со битието на казненото дело од член 418 - г „Трговија со дете“, наведена погоре. Предлогот на Националната комисија за изменување на одредбите на КЗ во член 201 став 2, кој е во насока на специфицирање и прецизирање на соодветната одредба со цел појасна дистинкција на овие две дела во рамки на КЗ, сè уште не е реализиран.[26] Во продолжение на овие предлози за измени во КЗ, се согледува и потреба од примена на начелото на неказнување, уредено во член 26 од Конвенцијата на СЕ за акција против трговијата со луѓе,[27], кое би се спровело во

или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице што има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питање или експлоатација поради, со закон, забранета активност или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години“, член 85 од Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, „*Службен весник на Републлика Македонија*“, бр. 27 од 5.2.2014 година (дефиниција задржана и во одредбите на изменетиот и дополнет Кривичен законик на РМ - види член 418 - а став 1 од: Тупанчески. *Кривичен законик - интегрален текст - предговор, кратки објаснувања и регистар на поими - трето изменето и дополнето издание*).

[22] Промената на терминот „малолетно лице“ со терминот „дете“, произведува измена и во описот на делото трговија со дете и законодавецот поставува нова законска дефиниција на истата, определувајќи дека тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години, член 86 од Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. „*Службен весник на Република Македонија*“, бр. 27 од 5.2.2014 година.

[23] Дефиницијата на трговија со малолето лице, поставена со законските измени во 2008 година, низ измените на КЗ кои следеа во 2014 година, го доби својот финален опис со измените од 2015 година, кои ја одредуваат низ следнава одредба: „Тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, питање или експлоатација заради со закон забранета активност, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години. Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, или делото е сторено спрема дете, кое не навршило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку десет години.“

[24] Па така, со нов став во член 418 - г, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2015 година, за корисникот на сексуални услуги од дете што не навршило 14 години, пропишува казна затвор од најмалку 12 години. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на Република Македонија*, бр. 226 од 25.12.2015 година.

[25] Член 418 - г став 7 од Тупанчески. *Кривичен законик - интегрален текст - предговор, кратки објаснувања и регистар на поими - трето изменето и дополнето издание.*

[26] Влада на Република Македонија. Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. *Годишен извештај - 2016 година*. Скопје, 2017.

[27] Според член 26 - Одредба за неказнување од Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата, секоја држава, во согласност со општите принципи на нејзиниот правен систем, предвидува можност за неизрекување на санкции на жртвите за нивно учество во недозволени активности кога на тоа биле принудени. Council of Europe. *Convention on Action against Trafficking in Human Beings*. Warsaw,

функција по пат на интервенција и дополнување во член 418 - а од КЗ - „Трговија со луѓе“. Со примена на начелото на неказнување на жртвата при создавање на основната одредба што ја уредува трговијата со луѓе како казнен акт во рамките на законскиот текст, ќе се обезбеди неодговорност на тргуваната жртва како поттикнувач или помагач на делото, како и за дела, извршени под присила на сторителот на основното дело додека се наоѓа во состојба на жртва, а се поврзани со неговата намера, но не и за други дела (со исклучок во случаи на постоење присила од страна на трговецот).[28]

Опсежните и суштински измени на казненото законодавство на РМ, со внесувањето на инкриминацијата „трговија со луѓе“ во одредбите на КЗ во слух со прифатените меѓународни документи, кои државата ја обврзаа на тоа доколку цели кон успешна борба со трговијата со луѓе, поаѓајќи од фактот дека може да остане затекната од нејзината појавност во граници на државната територија, претставуваа поттик и сигурна основа за постапување на нашите судови и обвинителства, кои успешно процесуираа голем број пријавени случаи на казнени дела на трговија со луѓе.

### 2.2. Закон за кривична постапка

Дополнувањата на материјата на казненото законодавство, како неопходност повлекуваат и преглед на процесно казнено законодавство, а во функција на приспособување на конкретните состојби во материјалното законодавство и во практиката, резултираат и со усвојување процесни одредби, кои ќе создадат погодна основа на правично постапување на судовите при процесуирање на дела од областа на тргување со луѓе. Следејќи ги меѓународните правни стандарди, Македонија ја подобри заштитата на жртвите од трговија со луѓе во изминативе неколку години и усвои важни законодавни акти за заштита на сведоците за да обезбеди ресурси и да ја подобри сигурноста на жртвите што ќе се согласат да сведочат во казнените постапки против сторителите.

Казнено - процесната материја, која доживеа целосно ревидирање и реализација на новините во 2010 година со донесување на новиот Закон за кривична постапка на РМ,[29] на концизен начин ја уредува материјата што го опфаќа третманот на жртвата на трговија со луѓе во постапката, особено третманот кон малолетната жртва на тргување, обезбедувајќи му особена процесна заштита на детето при давањето исказ, како и материјата за заштита на сведоците на вакви казнени дела. Во функција на спроведувањето на правото на заштита на идентитетот и приватноста на жртвите на трговија со луѓе, ЗКП од 2010 година определува процесни и непроцесни мерки за заштита на сведоците и жртвите.

Во рамките на своите права, жртвата на казнено дело, освен правото да учествува во постапката како оштетен, има право и на посебна грижа и внимание од страна на органите и субјектите што учествуваат во казнената постапка, како и на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви на кривични дела.[30] Поаѓајќи од сериозноста на казненото дело трговија со луѓе и последиците што остварувањето на акт на тргување со лица ги предизвикува, што е определено со самиот нејзин облик на организиран криминалитет, жртвите на трговија со луѓе, особено кога се работи за малолетно лице, односно дете, уживаат посебни права како припадници кон категоријата ранливи жртви.[31] Притоа, новите законски одредби ги задолжуваат судовите да определат посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката кога детето е жртва на казнено дело трговија со луѓе, покрај на насилство или сексуална злоупотреба и кога на детето – жртва му е потребна посебна грижа и заштита. При утврдување на посебна мерка на заштита во однос на детето – жртва на процесот на трговија со лица, судот, како поединечна или дополнителна мерка на заштита, мора да обезбеди видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето, кој ќе се користи како доказ во постапката.[32]



Новото процесно казнено право, во своите одредби недвојбено внесува содржина што ги уредува посебните права што треба да ги уживаат жртвите на казнени дела против човечноста и меѓународното право, освен оние на казнени дела против половата слобода и половиот морал, од аспект на тежината на ваквите облици на криминал. Законските одредби таксативно ги набројуваат посебните права, кои ги имаат овие жртви, освен основните права на

2005.

[28] Влада на Република Македонија. Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. *Годишен извештај - 2016 година*.

[29] Закон за кривичната постапка. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 150 од 18.11.2010 година, кој се применува од 2012 година, односно по две години од влегувањето во сила на неговите одредби.

[30] Член 53 став 1 од Глава V - Жртва, оштетен и приватен тужител од Закон за кривичната постапка. *Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.*

[31] Во согласност со одредбата од член 54 став 1 од ЗКП - Посебни права на ранливи категории жртви, жртвите имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката, ако: 1) во времето на давањето на исказот се под 18-годишна возраст; 2) со давањето исказ или одговор на определено прашање би се изложиле себе си или блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет (загрозени жртви) и 3) поради возраста, природата и последиците на кривичното дело, физичкиот или психичкиот инвалидитет или друга од значење здравствена состојба, општественото и културното минато, семејните околности, религиозните уверувања и етничката припадност на жртвата, однесувањето на обвинетиот, членовите на семејството или пријателите на обвинетиот кон жртвата би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје или негативно ќе влијае врз квалитетот на дадениот исказ (посебно чувствителни жртви).

[32] Член 54 став 5 од ЗКП, кој, исто така, предвидува во исклучителни случаи, поради нови околности на случајот, судот да може да нареди повторно испитување на детето - жртва најмногу уште еднаш преку користење технички средства за комуникација.



жртвата на казнено дело.[33] Од ваквата одлука на законодавецот, се заклучува за неговата определеност за посебна грижа на жртвата на облици на криминалитет што задираат длабоко во нејзината личност и оставаат последици врз нејзиното однесување, пред сè во текот на процесот на казнен прогон и постапките пред суд, а особено страв да се соочат со сторителите на делата чии жртви се тие, бегајќи од можноста повторно да се сретнат со нив и со она што веќе го доживеале за време на сторување на делото.

Во рамките на обезбедување целосна заштита на лицата што учествуваат во постапката пред судот при пресудувањето за дела на тргување со лица, ЗКП обезбедува заштита и на сведоците, како лица што поседуваат информации релевантни за постапката, а кои со нивното изнесување пред органите, често загрозувајќи го самиот извор на информации (сведокот), го доведуваат во опасност сопствениот живот, здравје и имот, како и членовите на семејството. Потребата да се искористат таквите извори на информации поради успешно гонење на сторителите на казнени дела, наметнува обврска за државите да предвидат и соодветен механизам на заштита со кој ќе се обезбеди сигурност на сведокот и неговите најблиски. Идентично на односот кон преостанатите прашања во заокружениот процес на уредување на сите аспекти на одредено казнено дело, во случајов трговија со лица, и поставување на основна рамка на дејствување во правец на негово сузбивање и казнување, законодавецот ја уредил заштитата на сведоците, осврнувајќи се на подлогата што меѓународните документи дел од националниот правен систем ја поставиле како погодна за успешна реакција на националните тела во изнаоѓање начини за соодветно соочување со последиците, кои делото ги произвело во сите фази на постапката од неговото санкционирање. Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, во членот 24 упатува на заштита на сведоците и ги обврзува сите држави - потписнички да преземат соодветни мерки во рамки на своите можности за да обезбедат ефективна заштита од можна одмазда или застрашување на сведоците во казнената постапка, кои даваат изјави во врска со делата предвидени со Конвенцијата и онаму каде што е соодветно тоа, за нивните роднини и други лица што им се блиски.[34]

Законот за кривична постапка гарантира заштита на лицата што во постапките против трговија со луѓе се јавуваат како сведоци,[35] која се исцрпува низ посебен начин на испитување и учество во постапката, уредени со овој закон и со примена на мерки за заштита надвор од постапката уредени со посебен закон. Во согласност со член 226 од ЗКП – Заштита на сведоци, ако постои веројатност дека со давањето исказ или со одговор на определено прашање, сведокот, соработникот на правдата или жртвата, односно оштетениот би се изложил себеси или нему блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет, загрозениот сведок може да го ускрати давањето исказ додека не се обезбедат услови за негова заштита. Заштитата на загрозениот сведок се состои во посебен начин на испитување и учество во постапката уредени со ЗКП – член 230 (Испитување под псевдоним – Ако посебниот начин на испитување на сведокот се однесува само на прикривање на личните податоци, испитувањето ќе се спроведе под псевдоним без наведување на другите податоци) и член 231 (Испитување со помош на технички уреди за пренос  на слика и тон – Ако посебниот начин на учество во постапката и испитувањето на загрозениот сведок се однесува, освен на прикривање на податоците од членот 219 став 3 (Начин на испитување на сведок) на овој закон, и на прикривање на изгледот на загрозениот сведок, испитувањето ќе се спроведе со помош на технички уреди за пренос на слика и тон, при што ликот на загрозениот сведок и неговиот глас се изменети. Притоа, загрозениот сведок во текот на испитувањето може да се наоѓа во посебна просторија, која физички е одвоена од просторијата во која се наоѓаат судијата и другите учесници во постапката) и со примена на мерки за заштита надвор од постапката уредени со посебен закон. Земајќи ги во основа на своето одлучување сите сегменти на едно казнено дело, а особено величината на последиците, кои ги произведува тоа, водејќи сметка тие да имаат што помал зафат, законодавецот, при третманот на сведоците на дела на тргување, не го пренебрегнува фактот за тежината на последиците и замавот, кој може да го заземат и по сторување на делото, а не само при неговото извршување. Имено, одредбите на ЗКП, исцрпно го одредуваат начинот на постапување со жртвите и сведоците на вакви дела што сами по себе прават посебни категории од нив, односно нивната природа ги прави особено ранливи и подложни на повреди и по завршување на криминалниот акт.

[33] Според член 55, став 1 од ЗКП, жртвата на казнени дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право, покрај правата од членот 53 на ЗКП (Права на жртвата), ги има и следниве права: 1) пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен; 2) да биде испитувана од лице од ист пол во  полицијата и во јавното обвинителство; 3) да не одговори на прашања што се однесуваат на личниот живот на жртвата, а не се поврзани со казненото дело; 4) да бара испитување со помош на визуелно-тонски средства на начин определен со овој закон и 5) да бара исклучување на јавноста на главната расправа.

[34] Мерките предвидени во член 24 можат да вклучат, без да се наштети на правото на обвинетиот, и право на редовна законска постапка: 1. воспоставување процедури за физичка заштита на таквите лица, како, на пример, (до оној степен до кој тоа е неопходно и изводливо) да ги преместат и каде што е соодветно тоа, да дозволат необелоденување или ограничено обелоденување на информациите во поглед на идентитетот и локацијата на тие лица и 2. утврдување правила за изнесување докази за да им се дозволи на сведоците да сведочат на начин што им дава безбедност, како, на пример, дозволување да се сведочи преку употреба на комуникациска технологија како што се видеоврски или други адекватни средства. Ова се однесува и на случаите кога жртвата се појавува како сведок во постапката.

[35]

Органите на постапката имаат обврска за преземање релевантни мерки за заштита на сведоците и жртвите во случаи каде што постои разумна претпоставка за опасност или застрашување, закана за одмазда или опасност по животот, телесното и душевното здравје или физичкиот интегритет на лицето.[36] Заштитата се остварува со воведување на посебен начин на распит и посебен вид учество на стручни лица во казнената постапка, кои ќе му помогнат на лицето што дава исказ во правилно изнесување на фактичката ситуација, без страв дека дадениот исказ ќе му причини штета поголема од веќе причинетата штета со делото, водејќи сметка за заштита, не само за физичката сигурност и интегритет на сведокот/жртвата, туку и за психичкиот притисок со кој сведокот може да се соочи или пак за соочувањето со обвинетиот. Во рамките на обезбедување целосна помош и заштита на ранливите сведоци и жртви на делата на трговија со лица, во чии рамки законодавецот го вклучува и малолетникот - жртва на трговија со луѓе, со оглед на состојбата, предизвикана со сторување на делото, одредбите дозволуваат и поставување на полномошник за време на испитувањето на оштетениот или сведокот во контекст на остварување на негова помош и заштита.[37]

Жртвите од трговија со луѓе спаѓаат во категоријата на корисници на бесплатна правна помош, на кои ваквото право им е законски загарантирано во сите судски постапки доколку ги исполнуваат условите за стекнување на ова право, со чие остварување ќе се обезбеди нивна заштита.[38]



## 3. Препораки во однос на прегледот на активностите на планот на борбата против внатрешната трговија со луѓе во Република Северна Македонија од аспект на новините во казненото законодавство

Прегледот и евалуацијата на процесот на дополнување и осовременување на казнената национална политика во борбата против трговија со луѓе, која треба успешно да одговори и да ѝ се спротивстави на состојбата со трговија со луѓе во РСМ, врз основа на теоретски изнесеното, насочуваат на утврдување на основни препораки во однос на стореното на планот на превенција и сузбивање на тргувањето со лица во национални рамки. Успехот во заложбите за негово искоренување, наложуваат на:

- Предвидување мерки за намалување на прагот на сиромаштија во државата, односно гарантирање и обезбедување минимум средства за егзистенција на семејства што имаат деца, особено преземање социјални мерки за семејства во кои се идентификувани деца – жртви на трговија со луѓе или на друг облик на принудна работа поради тешката социјална положба;
- Имплементација на националната законодавна рамка, како казнена, така и од преостанатите сфери, кои го уредува проблемот на трговија со луѓе во нејзина целост, како опсежна, но експлицитна, со доследно почитување на заложбите на законодавецот за несомнен придонес кон успех во борбата со тргувањето со лица во рамките на територијата на државата и надвор од нејзините граници;
- Детектирање на правните празнини во законите преку нивно спроведување во практичната борба за сузбивање на тргувањето и изнаоѓање на соодветни решенија, кои ќе се донесат на ниво на законска одредба, задолжителна за примена во најдобар интерес на жртвите на трговија со луѓе;
- Пресликување на начелото на неказнување на жртвата при создавање на основната одредба, која ја уредува трговијата со луѓе како казнен акт во рамки на законскиот текст, со цел обезбедување неодговорност на тргуваната жртва како поттикнувач или помагач на делото, како и за дела, извршени под присила на сторителот на основното дело додека се наоѓа во состојба на жртва, а се поврзани со неговата намера, но не и за други дела;

[36] Член 232 став 1 и став 4 од ЗКП - Испитување посебно ранливи жртви и сведоци - Оштетениот и сведокот за кој органот што ја води постапката ќе утврди дека со оглед на возраста, здравствената состојба, природата или последиците од казненото дело, односно поради други околности на случајот се посебно ранливи, малолетно лице жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба и дека испитувањето во просториите на органот што ја води постапката би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје, ќе се испитаат со помош на психолог, социјален работник или друго стручно лице, а органот што ја води постапката може да одлучи лицето да се испита со употреба на технички средства за пренос на слика и звук, без присуство на странките и другите учесници во постапката во просторијата во која се наоѓа оштетениот или сведокот, така што странките, бранителот и лицата што имаат право да му поставуваат прашања, тоа го прават со посредство на органот што ја води постапката, психолог, педагог, социјален работник или друго стручно лице. При испитувањето на оваа категорија оштетени или сведоци, судот може да ја исклучи јавноста.

[37] Член 232 став 2 од ЗКП.

[38] Според член 8 од Законот за бесплатна правна помош, *Службен весник на Република Македонија 161/2009, 185/2011, 27/2014, 104/2015*, барањето за правната помош согласно со одредбите на овој закон ќе се одобри во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за барателот на правната помош; овие прашања се однесуваат на: права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца, жртвите на семејно насилство, заштитата на жртвите од казниви дела, заштитата на жртвите од трговија со луѓе, признавање на право на азил и имотно – правните прашања. Притоа, право на бесплатна правна помош имаат лица што, со оглед на својата материјална положба, не би можеле да ги остварат со Устав и закон, загарантираните права без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство.



- Обезбедување бесплатна правна помош на жртви од трговија со луѓе како припадници на категоријата на корисници на бесплатна правна помош на кои ваквото право им е законски загарантирано во сите судски постапки;
- Унапредување програми и активности што треба да се преземат во случаи на потреба за подобро физичко и психичко закрепнување, рехабилитација, ресоцијализација и социјална реинтеграција на детето што е жртва на некој облик на занемарување, експлоатација, злоупотреба, мачење, трговија или друг облик на свирепо постапување;
- Доследна примена на посебните мерки на процесна заштита на децата како жртви и сведоци кога ќе се најдат пред судовите во насока на обезбедување целосна заштита при давањето исказ од нивна страна, водејќи сметка за природата на жртвата/сведокот и избегнување на дополнителното отежнување на процесот со можноста за соочување помеѓу детето и осомничениот/обвинетиот, како и за заштита на психофизичкиот интегритет на детето - субјект на постапката;
- Континуитет во строгото казнување на трговците со луѓе, вклучувајќи ги и службените лица, кои се поврзани со криминалните структури, што ќе обезбеди навлегување и рушење на ваквите структури;
- Одржување на етаблираната мрежа на институции, надлежни за превенција на тргувањето со лица во рамки на државата, заштита на жртвите на трговија со луѓе и казнено гонење на сторителите на овој облик на организиран криминалитет;
- Работа со жртвите во насока на прифаќање на ситуацијата во која се нашле како минато, признавање пред себе дека се жртви на криминален акт на тргување и експлоатација, со цел исчезнување на страв од етикетирање и стигматизација кај самата жртва, како и стравот од повторување на злоупотребата врз неа и согłасно со, односно своеволно вклучување во процесот на нејзина помош и заштита;
- Намалување на прагот на сиромаштија како клучен чекор во превенцијата и сузбивањето на трговија со луѓе во рамките на државата и елиминирање на појавата деца на улица;
- Поголема заложба на општеството во борбата против семејното насилство, појава, која е еден од главните фактори на причинување на акт на тргување и експлоатација на луѓе;
- Изрекување на повисоки казни за родителите доколку тие се јавуваат како сторители на казнени дела на запоставување на малолетно лице;
- Поголема заштита на правата на жените и нивно исклучување од пазарот на трудот во делот што може да значи нивна злоупотреба во кој било од облиците во кои се остварува трговијата со жени;
- Организирање мултидисциплинарни обуки за трговија со луѓе во континуитет поради зајакнување на капацитетите на професионалците, односно засегнатите во процесот на откривање и сузбивање на нејзината појавност во национални рамки;
- Подигање на јавната свест во врска со трговијата со луѓе, особено тргувањето за потребите на принудна работа и присилно питање, како и спроведување кампањи со цел непрекинато истакнување на строгата казнена политика и тежината на предвидените казни за сторителите на вакви казнени дела, во насока на нивно заплашување од прибегнување кон сторување на овие тешки облици на криминалитет.

## Заклучок

Географската поставеност и историските услови под кои се развивале државите, го одредува нејзиниот карактерот во однос на нејзината поставеност во испланираните рути на трговците со луѓе, во чии рамки ги остваруваат сите фази од процесот на еден акт на тргување. Република Северна Македонија е извор, транзитна држава и дестинација за мажи, жени и деца – жртви на трговија со луѓе за цели на сексуална експлоатација, принудна работа, трговија со органи, порнографија, присилни бракови, нелегално посвојување на деца, питање.

Внатрешната трговија со луѓе, непрепознатлива и неосознаена во подолг временски период, полека го прошири обемот на форми на остварување, не одминувајќи ниту една држава, особено видлива во државите од регионот. Интерната трговија, денес претставува форма на трговија со луѓе која во моментов доминира, а нејзината етиологија се објаснува различно.

Ситуацијата со внатрешната трговија со луѓе во државата, погледната од сегашен аспект, прикажува зголемен процент на малолетни, односно деца - жртви на трговија што потекнуваат од области со значителен индекс на сиромаштија, како потврда на резултатите од истражувањата на феноменот на државно ниво, укажувајќи дека високиот праг на сиромаштија е најголем поттикнувачки фактор за инволвирање потенцијални жртви во процесите на трговците со луѓе што ги операционализираат своите

нелегални активности преку добро организираните структури, кои егзистираат во државата.

И покрај стоичкиот став на државата во однос на предизвикот што ѝ го приреди незапирливиот наплив на најгрубиот напад на интегритетот на една личност, непренебрегнувајќи ја можноста за инволвираност на најмладите, како и покрај позитивните резултати во имплементацијата на легислативата и обезбедувањето правилна институционална поставеност во борбата против трговијата со луѓе, бројот на случаи на трговија со луѓе, кои ги открива полицијата, се навистина скромни во споредба со процената за бројот на жртви на трговија со луѓе во Македонија.

Продлабочување на националните политики, преку утврдување на празнините во вкупноста на заложбите на државата, како на законодавен, така и на институционален план, и обезбедување почитување на правно нормираните однесувања, е нужен предуслов за определба на патот, првично кон превенција, а потоа кон изнаоѓање на начини за ублажување на последиците што ги предизвикува трговијата со лица во национални рамки.

*Жртвите од трговија со луѓе спаѓаат во категоријата на корисници на бесплатна правна помош..*

Приближувајќи ги стандардизираните законодавни решенија до меѓународните документи, чие етаблирање го условила појавата на трговија со луѓе, прифатени на светско, односно европска почва во правец на дополнување и усовршување на внатрешниот правен поредок во рамки на конкретното поле на дејствување, ја остварува функцијата на усогласување на националното законодавство со одредниците на кои се обврзала државата со чинот на нивно прифаќање, правејќи ги со тоа дел од сопствениот правен поредок.

Од постојаното преиспитување на државата за доволноста на нејзината активност на планот на борба против трговијата со луѓе, таа стекнува став за потребата од надградување и изменување на правните практики, казнените дела и санкциите што се однесуваат на проблематиката тргување со луѓе. Согледувањето на потребата за стандардизирање на правната рамка преку преземање мерки на законодавен и функционален план за спречување на големата опасност од продавање на човекот и последиците на тоа, резултира со несомнено напредно збогатување на правната материја во сите области каде што може да се уреди одреден аспект со цел за успешен одговор на трговијата со лица, олицетворен низ низа одредби кои мултифункционално, односно казнено – правно, процесно, од аспект на социјална заштита и заштита на децата – жртви, се во функција на остварување на правдата и зачувување на принципот на владеење на правото во општество, кое првобитно се грижи за граѓаните, почитувајќи го нивниот интегритет и штитејќи ги нивните слободи и права до степен на превенција од можни напади на нив секогаш кога постои основано сомнение дека таков напад е на повидок.

Република Северна Македонија, како држава целосно посветена на реформи во делот на трговијата со луѓе од сите аспекти, одредувајќи ги законските решенија и практики што ја инкриминираат трговијата и оние што се однесуваат на заштита и помош на жртвите, како изведени од ратификуваните интернационални документи во рамките на конкретната област на разгледување, сепак во недоволна мера ги исполнува стандардите за заштита и почитување на човековите права, поради недоволно обезбедени механизми за превенција од нивни повреди. Затоа, темелен принцип на креирањето на политиките на дејствување во однос на тргувањето со лица, треба да биде обезбедувањето на поддршка на основните права на единката, како основен двигател на општеството.

## Библиографија


- Берман, Жаклин, Донатела Брадиќ и Фил Маршал. *Проценка на потребите: Трговија на луѓе во Западен Балкан.* Geneva: International Organization for Migration, 2014.
- Влада на Република Македонија. Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. *Годишен извештај - 2016 година.* Скопје, 2017.
- Красиќ, Јелена, Владимир Данаилов. *Практикум за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција.* Скопје. Меѓународна организација за миграции, Мисија во Скопје.
- Стаменкова Трајкова, Верица, Виолета Арнаудова, Елисавета Сарџовска и Иван Трајков. *Внатрешна трговија со луѓе во Република Македонија - претпоставка или реалност.* Скопје: Здружение за помош и поддршка на жени, деца и семејства под ризик - „За Среќно Детство“, 2006.
- Сулејманов, Зоран. *Криминологија.* Скопје: Графохартија, 2009.
- Тупанчески, Никола. *Кривичен законик - интегрален текст - предговор, кратки објаснувања и регистар на поими - трето изменето и дополнето издание.* Скопје: Стоби Трејд, 2017.
- Council of Europe. *Convention on Action against Trafficking in Human Beings.* Warsaw, 2005.
- United Nations. General Assembly. *Convention against Transnational Organized Crime (UNTOC).* Palermo, 2000.
- Закон за бесплатна правна помош, *Службен весник на Република Македонија 161/2009, 185/2011, 27/2014, 104/2015.*
- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. *Службен весник на Република Македонија 04/2002, 19/2004*, 7/2008, *114/2009, 27/2014,* 226/2015.
- Закон за кривичната постапка. *Службен весник на Република Македонија 150/2010.*
- Закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки. *Службен весник на Република Македонија* 28/2001.
- Кривичен законик. *Службен весник на Република Македонија 37/1996.*
- https://www.unodc.org/unodc/en/organized-crime/intro/UNTOC.html
- http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/02/praktikum_za_borba_protiv_trgovijata_so_lugje_i_ilegalnata_migracija.pdf
- http://nk.bitsia.com/sites/default/files/prikachyvanja/godishen_izveshta_na_nacionalnata_komisija_za_bptlim_za_2016.pdf